РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 08- 851/2
05.11.2019 година Ранковце

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 143/2019) Градоначалникот на општина Ранковце, на ден 05.11.2019 година, донесе

П Р А В И Л Н И К

за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Ранковце број 08-21/1 од 18.01.2016 г. , во Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација наопштина Ранковце бр. 220/1 од 17.03.2016 г. ; Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце број 08 – 170/2 од 19.03.2018 г. и во Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Ранковце број 08 – 170/5 од 18.07.2018 година.

Член 2

Во Глава IV. Табеларен приказ на работните места во општина Ранковце во Одделение за општи и правни работи работното место со реден број 4 со звање Советник, назив на работното место: Седници на Совет и застапување, со шифра УПР 01 01 В01 000 се брише.

Член 3

Во Глава IV. Табеларен приказ на работните места во општина Ранковце во Одделение за општи и правни работи по работното место со реден број 8, назив на работното место: Помлад референт - Превенција и справување сокризни состојби и координација со ТППЕ, со звање Помлад референт со шифра УПР 01 01 Г04 000 се додава ново работното место со реден број 8-а со звање Помлад референт, со шифра УПР 01 01 Г04 000 кое гласи :

1.Одделение	
1.8-а Одделение за правни и општи работи	
Реден број	8-а
Шифра	УПР 01 01 Г04 000
Ниво	Г 4
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за Етнички заедници и административни работи
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Раководителот на одделението
Вид на образование	Вишо, Средно гимназиско образование или Средно стручно образование (правна или економска струка)
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работи за потребите на етничките заедници
Работни задачи и обврски	- Ги следи законите од областа на која работи, врши прием и информирање на странки од припадниците на заедниците; - Учествува во извршувањето на техничко-административни работи за потребите на припадниците на заедниците и им помага на претставниците на припадниците на заедниците во постапката за остварување на своите права; - Учествува во организирањето групни советувања и едукација за потребите на припадниците на заедниците; - Присуствува на обуки и форуми за унапредување на животните стандарди; - Учествува во работата на училишните совети во врска со разрешување на проблемите со учениците од разните националности; - Учествува во водењето на соодветни регистри за потребите на етничките заедници - Учествува во координирањето и аплицирање со проекти за етничките зедници; - Учествува во спроведувањето на постапката и административни работи за тековните активности во одделението помага при подготовка на актите и потребната документација; - Учествува и ги врши работите во комисиите во кои е назначен, именуван одговара

Член 4

Во Глава IV. Табеларен приказ на работните места во општина Ранковце во Територијаната противпожарна единица – ТППЕ работното место со реден број 35 со звање Командир на одделение, назив на работното место: Командир на одделение, со шифра ПОЖ 02 10 Б04 000 се менува и гласи :

7.Одделение	
7.35 Територијална противпожарна единица	
Реден број	35
Шифра	ПОЖ 02 10 Б04 000
Ниво	Б 4
Звање	Командир на одделение
Назив на работно место	Командир на одделение
Број на извршители	1 (еден)
Одговара пред	Секретарот на општина
Вид на образование	Вишо , Средно гимназиско образование или средно стручно образование - противпожарен техничар или машин-браварски техничар , Безбедност при работа
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно и ефективно управување и Командирање со Територијална противпожарна единица за противпожарна заштита и организација на целокупниот систем на противпожарна заштита во согласност со законите од оваа област.
Работни задачи и обврски	- Раководи со Територијалната противпожарна единица во општина Ранковце. - Ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, пожарникарството, управување со кризи и заштита и спасување. - Ја организира , координира и ја следи работата на Територијалната противпожарна единица во општина Ранковце, при извршувањето на работите и задачите од областа на противпожарната заштита во согласност со законските, подзаконските и други прописи и општи акти . - Се грижи за исправноста на возниот парк на ТППЕ , за исправноста и редовното одржување и сервисирање на ПП опремата и другата опрема со која располага ТППЕ. - Врши распоред на персоналот во смени и се грижи за правовремена замена на евентуално отсутните пожарникари; Го доставува распоредот на Градоначалникот на увид. - Изготвува неделен извештај за извршените интервенции на единицата и истиот го доставува до градоначалникот. - Се грижи за физичката подготвеност и обученост на единицата и организира обуки и тренинзи за одржување на подготвеноста и обученоста во координација со Дирекцијата за заштита и спасување .

Член 5

Во Глава IV. Табеларен приказ на работните места во Територијаната противпожарна единица – ТППЕ општина Ранковце, работното место со реден број 36, со звање Работник во противпожарна единица, назив на работното место: Пожарникар – спасител со шифра ПОЖ 02 10 В04 000 се брише.

Член 6

Во Глава IV. Табеларен приказ на работните места во Територијаната противпожарна единица – ТППЕ општина Ранковце, работното место со реден број 37, со звање Работник во противпожарна единица, назив на работното место: Пожарникар – спасител – возач на специјално возило со шифра ПОЖ 02 10 В04 000 се менува и гласи :

7.Одделение	
7.37 Територијална противпожарна единица (ТППЕ)	
Реден број	37
Шифра	ПОЖ 02 10 В04 000
Ниво	В04
Звање	Пожарникар – спасител
Назив на работно место	Пожарникар – спасител – возач на специјално возило
Број на извршители	8 (осум)

Вид на образование	Вишо, Средно гимназиско или Средно стручно образование - противпожарен техничар или машино-браварски техничар.
Други посебни услови	– Да е здравствено и психофизички способен – Да има положено возачки испит од „Ц“ категорија
Работни цели	Активно и ефикасно и навремено вршење на работите од подрачјата за кој е формирана ТППЕ-Ранковце од областа на противпожарната заштита , односно заштитување и спасување како и одржувањето на исправната состојба на техничките средства и опремата и возилото кои ќе му бидат доверени за извршување на работите.
Работни задачи и обврски	- Активно учествува во акциите за гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди и други интервенции за заштита и спасување на имот и лица. - Извршува работи и задачи поврзани со тековните, оперативните и непосредните активности . - Се грижи за одржување во исправна состојба на техничките средства и опремата кои ќе му бидат доверени за извршување на работите и задачите во согласност со законските , подзаконските и другите општи акти , како и врз основа на непосредните наредби, упатства и инструкции од командирот на ТППЕ. - Управува со специјалното моторно возило и со други возила од возниот парк на ТППЕ кои се во функција на извршувањето на работните задачи и обврски. - Одговара за својата работа пред командирот на ТППЕ и Градоначалникот на општината. - Учествува и врши и определени непрофитабилни услуги заради подобрување на нивната техничка опременост и услови за работа, кои не смеат да го оневозможуваат или попречуваат извршувањето на функциите - Учествува во спасувањето на загрозените граѓани и заштита на имотот загрозен од пожари и експлозии, сообраќајни несреќи и други опасни ситуации. - Учествува во расчистување на локалните патишта и улици и врши и други работи по писмена наредба на градоначалникот , односно секретарот на општината.

Член 7

Согласно извршените изменувања и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и во табеларниот преглед на работните места во општина Ранковце кој е составен дел од овој Правилникот.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Општина Ранковце
Градоначалник

Ивица Тошевски

Бр. 08- 851/2
05.11.2019 г.

Република Северна Македонија

Министерство за информатичко општество и администрација

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 11-11-2019			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	851/1		

До: ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Архивски број: 12/6-4175/1
Датум: 07.11.2019

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 143/19), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

СОГЛАСНОСТ

на

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Ранковце , со архивски број: 08-851 /2 од 05.11.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Ранковце поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Ранковце. Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор. Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Ранковце , со архивски број: 08-851 /2 од 05.11.2019 година.

Со почит,
Државен советник,
Dr. Jahi Jahija

Подговил : Катерина Ристоманова

Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0879
www.mioa.gov.mk